# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXVIII<br>Број 14<br>Куманово<br>1 ноември<br>2023 г. | Претплата за 2023 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |
|---|---|---|

**596.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово, Бр. 09 - 8276/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 31 октомври 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-8571/1
31 октомври 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**597.**

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19 и 67/22), член 22 став 1 точка 4 и член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 31 октомври 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово**

Член 1

Во Одлуката за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр.16/2022, 7/2023 и 13/2023), членот 4 се менува и гласи:

„Член 4

За субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници Општина Куманово од Буџетот на Општина Куманово ќе издвои 60.000.000 денари со ДДВ за

период од 12 (дванаесет) месеци почнувајќи од 01.01.2023 год. заклучно со 31.12.2023 год.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 8276/3
31 октомври 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**598.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане, Бр. 09 - 8276/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 31 октомври 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-8572/1
31 октомври 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**599.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19 и 67/22), член 22 став 1 точка 4 и член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 31 октомври 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане**

Член 1

Во Одлуката за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на

линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане („Службен гласник на Општина Куманово” бр.13/2023), членот 4 се менува и гласи:

„Член 4

За субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници Општина Куманово од Буџетот на Општина Куманово ќе издвои 1.500.000 денари со ДДВ за период од 3 (три) месеци почнувајќи од 01.10.2023 год. заклучно со 31.12.2023 год.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 8276/4
31 октомври 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**600.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Водовод“ – Куманово за 2023 година**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Водовод“ – Куманово за 2023 година, Бр. 09 - 8276/5, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-8573/1
31 октомври 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**601.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 25 став 1 точка 41 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 31 октомври 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Водовод“ – Куманово за 2023 година**

1. Се дава согласност на Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Водовод“ – Куманово за 2023 година, Бр. 02 – 2454/4, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 24.10.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Куманово".

Бр. 09 – 8276/5
31 октомври 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**602.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115 и 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19 и 229/20) и Одлука за предлог на еден кандидат за избор на директор на УОМО „Панче Пешев" Куманово бр.02-286/2 од 12.09.2023 година, доставена под број УП1 08-6320/2 од 18.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на вршител на должност директор на Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев" Куманово**

1. Вршител на должност директор на Училиште за основно музичко образование ,,Панче Пешев" Куманово, **Светлана Јовановиќ**, престанува поради именување на директор на ова училиште;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово бр.УП1 08-4294 од 23.06.2023 година;
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.УП1 08-4294 од 23.06.2023 година, Светлана Трајковска беше избрана за вршител на должност директор на УОМО ,,Панче Пешев" Куманово, со мандат до 6 месеци. По доставена Одлука за предлог на еден кандидат за избор на директор на УОМО „Панче Пешев" Куманово бр.02-286/2 од 12.09.2023 година, доставена под број УП1 08-6320/2 од 18.09.2023 година,, Градоначалникот согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08- 4294
28. 09. 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**603.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 109 и 115 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19 и 229/20) и Одлука за предлог на еден кандидат за избор на директор на УОМО „Панче Пешев" Куманово бр.02-286/2 од 12.09.2023 година, доставена под број УП1 08-6320/2 од 18.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на директор на**
**Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев" Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Сандра Зојчевска,** дипломиран музичар теоретичар, педагог и магистер по музички науки, за директор на Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово;
2. Мандатот на директор на училиштето од точка 1 на ова Решение трае четири години;
3. Именуваниот директор е должен да го положи испитот за директор и да се стекне уверение за положен испит за директор во рок од една година од денот на изборот за директор;
4. Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во утврдениот рок од точка 3, му престанува мандатот на директор.
5. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Училишниот Одбор на УОМО ,,Панче Пешев“ Куманово објавил јавен оглас за избор на директор на ова основно училиште. По спроведена постапка, утврдена со член 115 од Законот за основното образование, Училишниот Одбор на УОМО ,,Панче Пешев“ Куманово до Градоначалникот на Општина Куманово достави Одлука за предлог на еден кандидат за избор на директор на УОМО „Панче Пешев“ Куманово бр.02-286/2 од 12.09.2023 година, доставена под број УП1 08-6320/2 од 18.09.2023 година, и тоа за единствениот пријавен кандидат, Сандра Зојчевска.

Согласно член 109, став 4 и 5 од Законот за основното образование, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор. Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во утврдениот рок, му престанува мандатот на директор.

Констатирајќи дека претходната постапка е водена согласно закон, како и утврдувајќи дека предложениот кандидат е единствен пријавен кандидат за избор на директор на општинско основно училиште, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>**Правна поука**</u>: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 6333
28 . 09. 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**604.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115 и 118 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19 и 229/20) и Предлог за избор на директор на ООУ„Вера Которка“ с.Клечовце Куманово бр.02-135/11 од 15.09.2023 година, доставен под број УП1 08-4231 од 21.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на вршител на директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово**

1. Вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,, Вера Которка“ с.Клечовце, **Андријана Аскелиевска**, престанува поради именување на директор на ова училиште;

2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-4231 од 21.06.2023 година.
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.УП1 08-4231 од 21.06.2023 година, Андријана Аскелиевска беше избрана за вршител на должност директор на ООУ ,,Вера Которка“ с.Клечовце Куманово, со мандат до 6 месеци. По доставен Предлог за избор на директор на ООУ„Вера Которка“ с.Клечовце Куманово бр.02-135/11 од 15.09.2023 година, доставен под број УП1 08-4231 од 21.09.2023 година, Градоначалникот согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 4231
29 .09. 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**605.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 109 и 115 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19 и 229/20) Предлог за избор на директор на ООУ„Вера Которка“ с.Клечовце Куманово бр.02-135/11 од 15.09.2023 година, доставен под број УП1 08-4231 од 21.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на директор на**
**Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Андријана Аскелиевска,** дипломиран психолог, за директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово;
2. Мандатот на директор на училиштето од точка 1 на ова Решение трае четири години;
3. Именуваниот директор е должен да го положи испитот за директор и да се стекне уверение за положен испит за директор во рок од една година од денот на изборот за директор;
4. Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во утврдениот рок од точка 3, му престанува мандатот на директор.
5. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Училишниот Одбор на ООУ ,,Вера Которка“ с.Клечовце Куманово објавил јавен оглас за избор на директор на ова основно училиште. По спроведена постапка, утврдена со член 115 од Законот за основното образование, Училишниот Одбор на ООУ ,,Вера Которка“ с.Клечовце Куманово до Градоначалникот на Општина Куманово, достави Предлог за избор на директор на ООУ„Вера Которка“ с.Клечовце Куманово бр.02-135/11 од 15.09.2023 година, доставен под број УП1 08-4231 од 21.09.2023 година,и тоа за единствениот пријавен кандидат, Андријана Аскелиевска.

Согласно член 109, став 4 и 5 од Законот за основното образование, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи

во рок од една година од денот на изборот за директор. Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во утврдениот рок, му престанува мандатот на директор.

Констатирајќи дека претходната постапка е водена согласно закон, како и утврдувајќи дека предложениот кандидат е единствен пријавен кандидат за избор на директор на општинско основно училиште, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>**Правна поука**</u>: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 6332
29 . 09. 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**606.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115 и 118 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19 и 229/20) и Предлог за избор на директор на ООУ„Кочо Рацин" Куманово бр.02-652/3 од 26.09.2023 година, доставен под број УП1 08-4751 од 27.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на вршител на директор на Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин" Куманово**

1. Вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Кочо Рацин" Куманово, **Галаба Давчевска**, престанува поради именување на директор на ова училиште;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-4751 од 17.07.2023 година.
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.УП1 08-4751 од 17.07.2023 година, Галаба Давчевска беше избрана за вршител на должност директор на ООУ ,,Кочо Рацин" Куманово, со мандат до 6 месеци. По доставен Предлог за избор на директор на ООУ„ Кочо Рацин" Куманово бр.02-652/3 од 26.09.2023 година, доставен под број УП1 08-4751 од 27.09.2023 година, Градоначалникот согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>**Правна поука**</u>: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 4751
02 . 10. 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**607.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 109 и 115 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19 и 229/20) Предлог за избор на директор на ООУ „Кочо Рацин" Куманово

бр.02-652/3 од 26.09.2023 година, доставен под број УП1 08-4751 од 27.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на директор на**
**Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Галаба Давчевска,** дипломиран професор по одделенска настава, за директор на Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ Куманово;
2. Мандатот на директор на училиштето од точка 1 на ова Решение трае четири години;
3. Именуваниот директор е должен да го положи испитот за директор и да се стекне уверение за положен испит за директор во рок од една година од денот на изборот за директор;
4. Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во утврдениот рок од точка 3, му престанува мандатот на директор.
5. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Училишниот Одбор на ООУ ,,Кочо Рацин“ Куманово објавил јавен оглас за избор на директор на ова основно училиште. По спроведена постапка, утврдена со член 115 од Законот за основното образование, Училишниот Одбор на ООУ ,,Кочо Рацин“ Куманово до Градоначалникот на Општина Куманово, достави Предлог за избор на директор на ООУ„ Кочо Рацин“ Куманово бр. 02-652/3 од 26.09.2023 година, доставен под број УП1 08-4751 од 27.09.2023 година, и тоа за единствениот пријавен кандидат, Галаба Давчевска.

Согласно член 109, став 4 и 5 од Законот за основното образование, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор. Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во утврдениот рок, му престанува мандатот на директор.

Констатирајќи дека претходната постапка е водена согласно закон, како и утврдувајќи дека предложениот кандидат е единствен пријавен кандидат за избор на директор на општинско основно училиште, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 6354
02 . 10. 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

## СОДРЖИНА

**596.** Заклучок за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово........................ 527

**597.** Одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово........................ 527

**598.** Заклучок за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане.......................... 528

**599.** Одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане.......................... 528

**600.** Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Водовод“ – Куманово за 2023 година............... 529

**601.** Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Водовод“ – Куманово за 2023 година............... 529

**602.** Решение за констатирање престанок на вршител на должност директор на Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово.............. 530

**603.** Решение за именување на директор на Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово........................... 530

**604.** Решение за констатирање престанок на вршител на директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово......................................... 531

**605.** Решение за именување на директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово..................... 532

**606.** Решение за констатирање престанок на вршител на директор на Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ Куманово................... 533

**607.** Решение за именување на директор на Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ Куманово 533